ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-165/3
24.04 2020 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# ИНСТРУКЦИИ ПО ЈАВЕН ПОВИК

## за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, складирање, третман и/или преработка на отпад

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Центарот за развој на Источен плански регион има потреба од избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, складирање, третман и/или преработка на отпад и тоа на движна ствар: остатоци од патничко моторно возило, учесник во сообраќајна несреќа.

## II. ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик е движна ствар:

Основно средство – патничко моторно возило, SKODA, тип FABIA AMBIENTE 1.2, шасија TMBEH45JOB3119885, година на производство 2010, сила во KW 51.0, земја на потекло Чешка и регистарски ознаки ST 566 BO, сопственост на Центарот за развој на Источен плански регион, кое е надвор од употреба и не е можна негова продажба, подарување, замена и слично.

Подетален опис за фактичката состојба на возилото е даден во Извештај за извршена проценка од лиценцирано правно лице за вршење на работи за процена од областа на транспортни средства, ДПТ ИВИЛА ДООЕЛ Штип, составен на ден 24.03.2020 година и истиот е прилог на овие инструкции.

Движната ствар е лоцирана во кругот на филтер станицата на ЈП Исар, населба Баби – Штип.

Избраното правно лице има обврска да изврши преземање на движната ствар предмет на јавниот повик од наведената локација и истата да ја транспортира како отпад на соодветен начин, во согласност со законските прописи.

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на правното лице е:

**- преземање на движната ствар - предмет на јавниот повик, во најкраток можен рок, без надомест.**

Доколку повеќе правни лица понудат исто времетраење на преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, во тој случај ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество, во архивата на Центарот за развој на Источен плански регион.

Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, Центарот за развој на Источен плански регион ќе изврши избор на тоа правно лице, доколку ги исполнува условите од јавниот повик.

## IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење на дејноста или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, складирање, третман и/или преработка на отпад.

Документи кои треба да се доставaт кон пријавата за учество се следниве:

- За утврдување на способност за вршење на дејност:
- важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, складирање, третман и/или преработка на отпад, издадена од надлежен орган.
- За утврдување на техничката и професионалната способност:
  - изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик и
  - изјава дека по преземањето на остатоците од движната ствар, истите ке бидат соодветно третирани во согласност со законските прописи од областа на управувањето со отпадот и животната средина.

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и техничка и професионална способност се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака „Верно на оригиналот".

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното рангирано правно лице кое поднело пријава за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

## V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Подетални информации за предметот на јавниот повик може да се добијат секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот од лицето : Емил Василев – Координатор за регионален развој, телефон 078/474-125, електронска пошта emil.vasilev@eastregion.mk.

Лице за контакт во врска со јавниот повик е Силвана Благонова – Координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи, телефон 078/439-545, електронска пошта silvana.blagonova@eastregion.mk.

## VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

Краен рок за доставување на пријавата за учество е **08.05.2020 година до 14:00 часот.**

Пријавите се поднесуваат:
- по пошта или директно на следнава адреса: Центар за развој на Источен плански регион, ул.Ванчо Прќе 119, кат 2, 2000 Штип .

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета.

Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа, во затворен коверт, адресиран на следниот начин:

| |
|---|
| **„Не отворај“**<br>**за јавен повик**<br>за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, складирање, третман и/или преработка на отпад |
| **До**<br>**Комисија за движни и недвижни ствари**<br>**Центар за развој на Источен плански регион**<br>**ул. „ Ванчо Прќе“, бр.119, кат 2**<br>**Штип** |

## VII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Центарот за развој на Источен плански регион, по истекот на 3 (три) дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, складирање, третман и/или преработка на отпад, ќе го извести во писмена форма избраното правно лице. Истовремено, ќе ги извести сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.

Центарот за развој на Источен плански регион ќе склучи договор со едно правно лице кое поднело пријава за учество за преземање на движните ствари и кое ги исполнува условите наведени во јавниот повик.

## VIII.ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Правното лице со кое Центарот за развој на Источен плански регион ќе склучи договор, е должно да изврши преземање на движната ствар - предмет на јавниот повик од наведената локација и истото да го транспортира и третира на соодветен начин, согласно законските прописи.

Центарот за развој на Источен плански регион и избраното правно лице се должни да извршат записничко примопредавање на движната ствар - предмет на јавниот повик.

Комисија за движни и недвижни ствари

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * Штип *